Почитувани колеги,

Во рамките на одбележувањето на **„Месецот на науката на УКИМ 2026“**, Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје има чест да Ве покани да присуствувате на настанот

„Медицината во служба на науката – Одбележување на Месецот на науката на УКИМ“

🗓️ **18 ноември 2026 година (среда)**
🕐 **13:00 часот**
📍 **Амфитеатар на Медицинскиот факултет, УКИМ – Скопје**

Настанот е посветен на презентација на научноистражувачките активности и резултати на истражувачките тимови од Медицинскиот факултет, со посебен акцент на проектите поддржани преку национални и меѓународни програми за научноистражувачка работа.

АГЕНДА

13:00 – 13:15

Свечено отворање на настанот

Презентација на научноистражувачки проекти

Домашни проекти чиј носител е Медицинскиот факултет, финансирани од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

13:15 – 13:30

Проект 1
*Наслов: “**Карпал тунел декомпресија (Dellon техника)-подобрена микроциркулација кај дијабетично стопало, следено преку ткивната Tc99 MIBI перфузиона сцинтиграфија*** за 2024 година, носители Проф. д-р Невена Маневска и Проф. д-р Софија Пејкова

13:30 – 13:45

Проект 2
*Наслов: „**Уринарна подоцитна информациона рибонуклеинска киселина (mRNA): неинвазивен биомаркер за проценка на активноста на гломеруларните заболувања**“,* за 2025 година, носител Проф. д-р Павлина Џекова Видимлиски.

13:45 – 14:00

Проект 3
*Наслов: „**Употреба на 3д-печатени анатомски реплики во едукација и**

клиничка пракса˝за 2026 година, носител Проф. д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска

МОН финансирани проекти на Медицински факултет за 2026 година

14:00 – 14:15

Проект 4
Наслов: „**Молекуларни анализи на течни биопсии кај пациенти со малигни солидни неоплазми**˝, Главен истражувач Проф. д-р Славица Костадиновска Куновска

14:15 – 14:30

Проект 5
Наслов: „***Развој и примена на неинвазивен сеопфатен епигенетски тест базиран на слободно циркулирачка ДНК од крв за рана детекција и долгорочно следење на состојбата на трансплантираниот орган***˝˝Главен истражувач Проф. д-р Александар Петличковски, Институт за имунологија

14:30 – 14:45

Проект 6
Наслов: „***Неинвазивен биомаркер за невродегенеративни болести базиран на мозочна ефективна поврзаност***˝Главен истражувач Проф. Томислав Станковски, Катедра за медицинска физика

14:45 – 15:00

Завршна дискусија

Свечено затворање на настанот

Ве очекуваме со Вашето присуство да придонесеме кон промоција на научната извонредност, интердисциплинарната соработка и развојот на медицинската наука во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Со почит,

Проф. д-р Марија Вавлукис
Претседател на Научниот одбор
Медицински факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје